РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-1416/2
25.06.2025 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Центар за економски анализи, Бул. Јане Сандански 63/3 Скопје, со број 10-1416/1 од 02.06.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Центар за економски анализи, Бул. Јане Сандански 63/3 Скопје, со број 10-1416/1 од 02.06.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Центар за економски анализи, преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 02.06.2025 година заверено под број 10-1416/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: Предлог буџет за 2025; Усвоен буџет за 2025; Завршна сметка за 2024; Годишен извештај за работењето на општината за 2024; Граѓански буџет за било која година; Извештај за надворешна ревизија во последните 5 години; Извештај за внатешна ревизија за 2024 година; Отчет за 2024 година; Граѓански форум (буџетски, програмски) вклученост на граѓаните во носење на локални политеики; Стратегија за управување со ризици; Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на Совет; На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Совет на кои можат да присуствуваат; Дали извршната власт организирала јавна расправа за Завршната сметка на општината за 2024 година и дали имало присутни на седницата при изгасување на завршната сметка-присутни граѓани.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира дека по основ на Предлог Буџет за 2025 година не е изготвен; Усвоен Буџет за 2025 година објавен е во "Службен Гласник" бр.16/2024; Завршната сметка за 2024 година објавена е во "Службен Гласник" бр.3/2025; Годишен извештај за работењето на Општина Ресен за 2024 година Ви го доставуваме во прилог; Граѓански буџет изготвен е за 2022 и 2025 година и се усвоени на Совет и се објавени во "Службен Гласник" бр.16/2022 и "Службен Гласник" бр. 16/2025; Во последните 5 години не е извешена ревизија од Државен завод за ревизија; Општина Ресен нема извештај од внатрешна ревизија; Отчет за 2024 нема; За Буџетот 2024/25 не е одржан граѓански собир-форум; Стратегија за управување со ризици Ви ја доставуваме во прилог; Седниците на Советот се јавни – Одлуката за исклучување на присуството на јавноста се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Советот кога тоа го бараат интересите на безбедноста одбраната или кога се разгледува прашање од доверлив карактер, заинтересаните граѓани можат да присуствуваат на седниците на Советот по претходно

одобрение од Претседателот на Советот; Општината граѓаните ги информира на следното: на општинската веб страна редовно се објавуваат дневен ред од седницата на Советот, седниците се емитуваат во живо на општинската веб страна (youtube) и во службени гласници се објавуваат донесените акти; Не е организирана јавна расправа во 2024 година за завршната сметка; Немаше присутни на седница на Совет при изгласување на Завршната сметка.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН